Врз основа на член 42 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на С. Македонија” бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16,21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/19, 275/19 и 122/21 ) и согласно со Одлуката за давање на согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад бр. 41- 5678/12 од 24.12.2024 година, донесено од Влада на Република Северна Македонија , ЈЗУ Институт за медицина на трудот на Република Северна Македонија-Скопје на ден 24.04.2025 година објавува:

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавна здравствена установа - Институт за медицина на трудот
на Република Северна Македонија
Instituti i shëndetit publik - Instituti i mjekësisë së punës
i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Бр.-Nr. 05 - 4871/2
24.04 20 25 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЈАВЕН ПОВИК бр. 2/2025

за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

## ОПИС НА ПРЕДМЕТОТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Предмет на јавниот повик се движни ствари кои поради нивната дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност не се користат од страна на ЈЗУ Институт за медицина на трудот на РСМ-Скопје (канцелараска опрема- бироа, столчиња, клима уреди и слично, како и информатичка опрема- компјутери, компјутерска опрема, мобилни телефони и слично) и истите се наоѓаат во објектот на ЈЗУ Институт за медицина на трудот на РСМ-Скопје со адреса: ул.Втора македонска бригада бр 43 Скопје

Движните ствари кои се предмет на јавниот повик детално се опишани во ПРИЛОГ 1 на истиот, по вид на предмети.

Избраното правно лице има обврска да изврши преземање на движните ствари предмет на јавниот повик од наведата локација и истите да ги транспортира како отпад на соодветен начин, во согласност со законските прописи.

## КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР

Критериум за избор на правно лице е најкраток можен рок за преземање на движните ствари предмет на јавниот повик.

Преземањето на движните ствари е без надомест.

Доколку повеќе правни лица понудат исто времетраење на преземање на движните ствари предмет на јавниот повик, во тој случај ќе се избере правното лице кое прво поднело пријава за учество во архивата на ЈЗУ Институт за медицина на трудот на РСМ-Скопје.

Доколку е пристигната само една пријава за учество од едно правно лице, ЈЗУ Институт за медицина на трудот на РСМ-Скопје ќе изврши избор на тоа правно лице.

## ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право да поднесат пријава за учество имаат сите заинтересирани правни лица регистрирани за вршење на дејноста предмет на јавниот повик, односно кои вршат дејност или поседуваат дозвола за собирање и/или транспортирање преработка, рециклирање и уништување на отпад.

Документи кои треба да се достават кон пријавата за учество се следниве:

a. Способност за вршење на дејност:

- ДРД образец за регистрирана дејност (не постар од 6 месеци);
- Тековна состојба (не постара од 6 месеци);
- Важечка дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, издадена од надлежен орган.

b. Техничка и професионална способност:

- изјава дека располага со соодветни транспортни средства за извршување на предметот на јавниот повик.
- изјава дека за непречено извршување на услугата ќе има на располагање во секое време доволен број на лица за извршување на услугата предмет на јавниот повик.

Документите за способност за вршење на професионална дејност, како и техничка и професионална способност се приложуваат во оригинал или во копија заверена од правното лице со потпис на одговорното лице и со назнака „Верно на оригиналот“.

Доколку избраното правно лице се откаже од склучување на договорот, во тој случај склучување на договор ќе му биде понудено на наредното правно лице кое поднело пријава за учество и соодветна документација предвидена во јавниот повик.

## ПРАШАЊА И ПОЈАСНУВАЊА

Подетални информации може да се добијат секој работен ден од 07:30 до 15:30 часот во ЈЗУ Институт за медицина на трудот на РСМ-Скопје.

Лица за контакт во врска со јавниот повик се Камер Туша, тел. +389070902504, електронска адреса: kamer.tusha@hotmail.com и Златка Неловска, тел. +3890351009, електронска адреса:zlatkanelovska@yahoo.com.

## КРАЕН РОК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВА ЗА УЧЕСТВО

Краен рок за доставување на пријава за учество е 28.04.2025 година до 15.30 часот. Пријавите се поднесуваат:

- по пошта на следнава адреса: ЈЗУ Институт за медицина на трудот на РСМ-Скопје , ул.Втора македонска бригада бр 43 Скопје, или
- директно во архивата на ЈЗУ Институт за медицина на трудот на РСМ-Скопје со адреса: ул.Втора македонска бригада бр 43 Скопје
- Пријавата која е поднесена по истекот на крајниот рок, се отфрла како задоцнета. Правното лице го приложува оригиналниот примерок на пријавата со документите кон неа во затворен коверт.

Пример како треба да изгледа предната страна на затворениот коверт за правните лица кои ќе поднесуваат пријава за учество на јавниот повик преку пошта или директно во архивата

„Не отворај“

За јавен повик

за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање,преработка, рециклирање и уништување на отпад

ЈЗУ Институт за медицина на трудот на РСМ-Скопје
ул.Втора македонска бригада бр 43 Скопје

**СКЛУЧУВАЊЕ ДОГОВОР**

ЈЗУ Институт за медицина на трудот на РСМ-Скопје по истекот на 3 дена од денот на донесувањето на одлуката за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање на отпад и кое ќе изврши преземање на движните ствари предмет на јавниот повик, ќе го извести во писмена форма избраното правно лице. Истовремено, ЈЗУ Институт за медицина на трудот на РСМ-Скопје ќе ги извести сите правни лица кои учествувале на јавниот повик за извршениот избор.

ЈЗУ Институт за медицина на трудот на РСМ-Скопје ќе склучи договор со правното лице кое ги исполнува условите наведени во јавниот повик.

**ОБВРСКИ НА ИЗБРАНОТО ПРАВНО ЛИЦЕ ПО СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

Правното лице со кое ЈЗУ Институт за медицина на трудот на РСМ-Скопје ќе склучи договор е должно да изврши преземање на движните ствари предмет на јавниот повик од локација наведени во Прилог 1 истите да ги транспортира на соодветен начин, согласно законските прописи.

ЈЗУ Институт за медицина на трудот на РСМ-Скопје и избраното правно лице се должни да извршат записничко примопредавање на движните ствари предмет на јавниот повик.

В.д. Директор / U.d. Drejtori
D-r Merhal Ismaili

ПРИЛОГ 1

# ЛИСТА ЗА РАСХОД НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА

## 2023 г

| еден број | Ид.бр. | Бар код<br>Катал.бр. | назив | Количина | Состојба по попис |
|---|---|---|---|---|---|
| 21 | 293 | 003186 | Тапациран стол | 1 | расход |
| 22. | 295 | 001064 | Дрвен ормар | 1 | расход |
| 1. | 15 | 003136 | Скенер а4-хп-сзо | 1 | расход |
| 2. | 43 | 003137 | Метакен орман | 1 | расход |
| 3. | 44 | 003139 | Метален еднокрилен орман | 1 | расход |
| 4. | 47 | 003151 | Тапациран стол | 1 | расход |
| 5. | 48 | 001156 | Тапациран стол | 1 | расход |
| 6. | 54 | 003169 | Компјутер-аидеа | 1 | расход |
| 7. | 55 | 003143 | Компјутер премиум | 1 | расход |
| 8. | 61 | 003146 | Ласерски печатар хд 1200 | 1 | расход |
| 9. | 62 | 003043 | Апарат за крвна слика нихон кохден | 1 | расход |
| 10. | 80 | 003152 | Ормар со надградба | 1 | расход |
| 11. | 111 | 002539 | Тапацирана столица | 1 | расход |
| 12. | 169 | 002373 | Витрина | 1 | расход |
| 13. | 194 | 001029 | Картотека | 1 | расход |
| 14. | 195 | 002115 | Картотека | 1 | расход |
| 15. | 204 | 003470 | Тапацирана столица | 1 | расход |
| 16. | 225 | 002001 | Надградба ормар | 1 | расход |
| 17. | 244 | 002150 | Картотека | 1 | расход |
| 18. | 252 | 001049 | Тапациран стол | 1 | расход |
| 19. | 285 | 003471 | Тапациран стол | 1 | расход |
| 20 | 286 | 001014 | Ормар | 1 | расход |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 23. | 296 | 001065 | Отоман | 1 | расход |
| 24. | 311 | 003153 | Надградба ормар | 1 | расход |
| 25. | 369 | 003497 | Тапацирана столица-скај | 1 | расход |
| 26. | 409 | 001008 | Компјутер спирометар-ССАНОСЦ | 1 | расход |
| 27. | 417 | 003490 | Тапациран стол | 1 | расход |
| 28. | 432 | 003003 | Мала маса | 1 | расход |
| 29. | 437 | 003008 | Метална маса | 1 | расход |
| 30. | 457 | 003068 | Магнетна мешалка | 1 | расход |
| 31. | 459 | 003161 | Ормар-стаклен | 1 | расход |
| 32. | 465 | 003074 | Садопер | 1 | расход |
| 33. | 489 | 003170 | Апарат за бучава | 1 | расход |
| 34. | 504 | 003032 | Кониметар по зеисс | 1 | расход |
| 35. | 509 | 003459 | Маса | 1 | расход |
| 36. | 542 | 002551 | Тапациран стол | 1 | расход |
| 37. | 544 | 001026 | Метален ормар за лекови | 1 | расход |
| 38. | 549 | 001009 | Инхалатор-пари-небулајзер | 1 | расход |
| 39. | 553 | 001057 | Метален ормар за лекови | 1 | расход |
| 40. | 554 | 001056 | Ормар | 1 | расход |
| 41. | 561 | 001051 | Масиче за компјутер | 1 | расход |
| 42. | 563 | 001050 | Тапациран стол на гвинт | 1 | расход |
| 43. | 565 | 001046 | Тапацирана столица | 1 | расход |
| 44. | 580 | 003491 | Тапациран стол | 1 | расход |
| 45. | 581 | 003485 | Тапациран стол | 1 | расход |
| 46. | 582 | 001034 | Фотеља на гвинт | 1 | расход |
| 47. | 588 | 001032 | Ормар | 1 | расход |
| 48. | 591 | 003580 | Отоман | 1 | расход |
| 49. | 602 | 002180 | Картотека | 1 | расход |
| 50. | 603 | 002181 | Картотека | 1 | расход |
| 51. | 612 | 003492 | Тапациран стол | 1 | расход |
| 52. | 614 | 002517 | Надградба орман | 1 | расход |
| 53. | 621 | 003550 | Столица на тркала | 1 | расход |
| 54. | 670 | 003070 | Мешалка тнус 2 | 1 | расход |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 55. | 683 | 003157 | Голема маса | 1 | расход |
| 56. | 688 | 001037 | Метално масиче | 1 | расход |
| 57. | 689 | 001068 | Метално масиче | 1 | расход |
| 58. | 797 | 003480 | Стол | 1 | расход |
| 59. | 799 | 003484 | Работ.столче со наслон на тркалца | 1 | расход |
| 60. | 853 | 003042 | Печатар епсон лх-300+кирилица | 1 | расход |
| 61. | 878 | 002477 | Печатар самсунг моноласер мл2160 | 1 | расход |
| 62. | 2632 | 003168 | Компјутер-неоком | 1 | расход |
| 63. | 2635 | 002471 | Клима уред –фаворит 12 | 1 | расход |
| 64. | 2722 | 002163 | Компјутер комплет | 1 | расход |
| 65. | 2743 | 001085 | Спирометриски апарат повер кубе | 1 | расход |
| 66. | 2753 | 002295 | Компјутер филипс монитор | 1 | расход |
| 67. | 5832 | 003205 | Апарат за дезинфексија-стериповер-бел | 1 | расход |
| 68. | 5985 | 003322 | Столица | 1 | расход |
| 69. | 6092 | 003613 | Мобилен телефон | 1 | расход |
| 70. | 5842 | 003196 | монитор | 1 | расход |

# ЛИСТА ЗА РАСХОД НА СИТЕН ИНВЕНТАР
# 2023 г

| Реден број | Ид.бр. | назив | Количина | Состојба по попис |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 11 | метроном | 1 | расход |
| 2. | 45 | Пупилометар | 1 | расход |
| 3. | 55 | Телефон | 1 | расход |
| 4. | 94 | Апарат за притисок | 1 | расход |
| 5. | 170 | Троножец метален | 1 | расход |
| 6. | 174 | Сталци метални за бирети | 1 | расход |
| 7. | 427 | Контејнер за мед смет 2,7л | 1 | расход |
| 8. | 439 | Апарат со манометар ристер | 1 | расход |
| 9. | 1382 | Бор машина сбм-810 | 1 | расход |
| 10. | 1459 | Решо | 1 | расход |
| 11. | 2450 | Телефонски апарат микротел | 1 | расход |
| 12. | 2505 | Решо | 1 | расход |
| 13. | 2507 | Стетоскоп | 1 | расход |
| 14. | 2508 | Стетоскоп | 1 | расход |
| 15. | 2509 | Стетоскоп | 1 | расход |
| 16 | 25019 | Инхалатор нб500 | 1 | расход |
| 17. | 25054 | греалка | 1 | расход |

ПРИЛОГ 2

Пријава за учество

______________________________________________________________________________

(Правно лице, архивски број, датум и место)

Во врска со Јавниот повик за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, објавен од страна на ЈЗУ Институт за медицина на трудот на РСМ-Скопје, ја поднесуваме следнава пријава за учество:

I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

1. Име на правно лице: ______________________________________________
2. Контакт информации
- Адреса: ____________________________________________________ -
- Телефон: __________________________________________________
- Факс: _____________________________________________________
- Е-пошта: __________________________________________________
- Лице за контакт: ___________________________________________
3. Одговорно лице: _____________________________________________
(лице кое ке биде задолжено за реализација)
4. Даночен број: _______________________________________________
5. Матичен број _______________________________________________

Со поднесувањето на оваа пријава за учество, изјавуваме дека рокот во кој ќе извршиме преземање на движните ствари предмет на јавниот повик изнесува: (__________) __________ денови, од денот на склучување на договорот.
(со број) (со зборови)

Исто така, со поднесување на оваа пријава за учествово целост ги прифаќаме условите предвидени во Јавниот повик и не го оспоруваме Вашето право да ја поништите постапката.

Одговорно лице во правното лице

___________________________

(име, презиме и потпис)

*Пријавата за учество ја потпишува одговорно лице на правното лице .

# И З Ј А В А

Јас долупотпишаниот _____________________________________________ во својство на одговорно лице под целосна и материјална кривична одговорност изјавувам дека располагам со соодветни транспортни средства за извршување на предметот на јавниот повик за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад.

Одговорно лице

________________________

Изјавата ја потпишува одговорното лице.

# И З Ј А В А

Јас долупотпишаниот ___________________________________________ во својство на одговорно лице под целосна и материјална кривична одговорност изјавувам дека за непречено извршување на услугата ќе има на располагање во секое време доволен број на лица за извршување на услугата предмет на јавниот повик за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад.

Одговорно лице

_______________________

*Изјавата ја потпишува одговорното лице.